**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
## ЗА СЕПТЕМВРИ 2009 ГОДИНА

**Октомври 2009 година**

## I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. На 29.09.2009 година стапи на сила Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) објавена во Службен весник на Република Македонија бр.118/2009.

   Согласно оваа одлука, Царинската управа веќе нема да наплатува патна такса од странски возила кои што вршат превоз на патници и стока на територијата на Република Македонија.

2. Министерството за финансии донесе Правилник за начинот на примена на средниот курс во постапка на утврдување на царинска вредност објавен во Службен весник бр.117 од 25.09.2009 година.
   Со овој правилник се утврдува начинот на примена на средниот курс во постапка на утврдување на царинска вредност на стоката, чија вредност е во валута различна од денарот.

3. Дополнета е Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура („Сл.весник на Р.М. бр. 114 од 14 септември 2009), со што се обезбедува континуирано усвојување и применување на регулативите на ЕУ, како еден од условите за процесот на Европската интеграција

4. Во септември 2009 година Царинската управа наплати вкупно 3.523 милиони денари (57,8 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 24 % помалку во однос на истиот период 2008 година.

   Од вкупно наплатените буџетски приходи по видови, на име царина и други царински давачки во септември 2009 година се наплатени 486 милиони денари (8 милиони евра) што е за 0,20 % помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

   Приходите наплатени од ДДВ во септември 2009 година изнесуваат 2.930 милиони денари (околу 48 милиони евра), што е за 27 % помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

   Наплатените приходи од акциза, изнесуваат 78 милиони денари (околу 1,3 милиони евра), што е еднакво на остварувањето во септември 2008 година.

   Наплатените приходи од надоместоци изнесуваат 27 милиони денари (околу 443 илјади евра) кои во однос на септември 2008 година се за 5 % повеќе приходи од надоместоци.

   Во периодот јануари - септември 2009 година Царинската управа наплати вкупно 28.656 милиони денари (околу 469,8 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 25 % помалку во однос на истиот период во 2008 година.

   Од вкупно наплатените буџетски приходи по видови, на име царина и други царински давачки, во периодот јануари - септември во 2009 година се наплатени 3.990 милиони денари (околу 65,4 милиони евра) што е 18 % помалку од остварувањето во истиот период во 2008 година.

Приходите наплатени од ДДВ во периодот јануари - септември 2009 година изнесуваат 23.799 милиони денари (околу 390,1 милиони евра), што е 27 % помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од акциза, во периодот јануари - септември 2009 година изнесуваат 660 милиони денари (околу 10,8 милиони евра), што е 4 % помалку од истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од надоместоци во периодот јануари - септември 2009 година изнесуваат 207 милиони денари (околу 3,4 милиони евра) кои се еднакви со приходите од надоместоци наплатени истиот период во 2008 година.

## II. Административен капацитет

5. Во септември 2009 година беа реализирани вкупно 17 обуки во разни форми на кои учествуваа 246 царински службеници, во времетраење од 365 часа. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 15,07 часа. Бројот на реализирани активности во периодот од јануари до септември 2009 година е 163 настани, на кои присуствуваа 2.045 учесника, со просечен број на часови на обука за секој учесник 56,53 час.

   Во текот на овој месец одржани се следните обуки, семинари, презентации и курсеви:

   - Во рамките на Програмата за техничка помош од Царинската управа на Холандија се реализира обука за поддршка и зајакнување на Службите за надзор на иматели на одобренија;
   - Во организација на Министерството за надворешни работи на Република Италија во Орвието, Италија, се спроведе обука за техники за надзор и контрола на копнени граници;
   - Реализирани се 2 од планираните обуки за вработените во Секторот за ИКТ, на тема „Interconecting Cisco Networking Devices (ICND1)“ и „Implementing Managing and Maintaining a Microsoft Windows Server 2003 Network Services“;
   - Како дел од активностите за целосна имплементација на проектот за електронско раководење со документи (еДМС) организирани се уште 6 обуки;
   - Одржана е работилница за обучувачи од Царинската управа;
   - Во рамките на Проектот на Светска банка при Министерството за правда на Република Македонија, Царинската управа во соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија организираше обука за практична примена на одредбите од новиот Закон за прекршоци;
   - Се одржа основна обука за законските прописи кои се применуваат во царинското работење;
   - Во соработка со SNB-REACT[1] - организиран е семинар за идентификација на трговски марки;
   - Во рамките на програмата TAIEX[2] организирана е Експертска мисија за ТАРИК;
   - Во рамки на Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност, Амбасадата на САД во Скопје организираше обуки за попречување на меѓународни нелегални активности во авионскиот товарен сообраќај и

[1] The European Anti Counterfeiting Network
[2] Technical Assistance Information Exchange Unit

еднодневна сесија за презентација и распределба на електронскиот пристап до Референтниот систем за стратешки стоки (СЦОРЕ).

Со свои претставници Царинската управа активно учествуваше во следните меѓународни активности:

- Состанок за креирање на национални профили како дел од проектот TACTIC (Tax And Customs Training – Interactive Campus), кој се одржа во Брисел, Белгија;
- Состанок за размена на податоци преку СЕЕД системот, кој се одржа во Тирана, Албанија;
- 30-та пленарна седница на MONEYV AL Комитетот на Совет на Европа, во Стразбур, Франција.

**III. Интегритет и борба против корупција**

Во текот на септември 2009 година, Секторот за професионална одговорност реализираше вкупно 13 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа.

Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации, доставени од Кабинет на директор, по поднесени преставки и поплаки преку отворената линија 197.

По завршувањето на истрагите изготвени се 5 извештаи со заклучоци за основани сомненија дека царински службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс и 8 извештаи во кои не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

Во истиот месец е реализирана една дисциплинска постапка против еден царински службеник, при што е изречена парична казна.

Во текот на овој месец Одделението за внатрешна инспекција изготви 3 извештаи за ненавремено поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за царински обврзници.

Изготвен е еден извештај по спроведената контрола за проверка на сертификати за квалитет на производ од одреден тарифен број и еден извештај за начинот на префрлување средства од депозитна сметка на евидентна сметка на Царинската управа поради наплата на долг.

По спроведената контрола за неовластени пристапи од страна на царински службеници од повеќе служби кон серверите кои го поддржуваат ASYCUDA системот за обработка на царински декларации, во делот од модулот за гаранциите, изготвен е еден извештај.

6. Во септември 2009 година се спроведени 2 внатрешни ревизии:
   - Ревизија за издавање и следење на возилата за други службени потреби во Централна управа при Царинската управа,

- Ревизија на видео надзорот имплементиран во царинските испостави и гранични премини .

По основ на извршените ревизија дадени се 13 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

7. Во септември 2009 година преку отворената царинска телефонска линија (број 197) се примени вкупно 5.371 повик или во просек 179 повици на ден и тоа:
   - 5 повици А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени активности,
   - 6 повици се В класа (информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
   - 14 повици Ј класа (информации проследени до Сектор за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници) најчести беа жалбите за застој и гужва. Од досегашните анализи констатирано е дека само 10% од овие информации имаат завршница, додека останатите 90% не содржат доволно податоци за покренување на истрага и се оквалификувани како неосновани.

   До Дежурниот центар за состојби при Националнот координативен центар за гранично управување, упатени се вкупно 106 барања и добиен е одговор на 23 од доставенита барања.

   До Дежурниот центар за состојби при Бирото за безбедност на Министерството за внатрешни работи упатени се 4 барања и за сите е добиен одговор.

   Овој месец на официјалната интернет страна на Царинската управа се објавени 89 информации на македонски, англиски и албански јазик, а на интранет порталот на кој континуирано се објавуваат информации за вработените во Царинската управа, објавени се 32 информации.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

8. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, специјалните мобилни единици на Царинската управа во септември 2009 година извршија преглед на 332 камиони, 251 автобус, 161 патнички моторни возила, 30 возови или на вкупно 774 возила на граничните премини и во внатрешноста, а Службата за мобилни скенери изврши 1.169 скенирања на 1.084 товарни моторни возила, 62 автобуси и 59 патнички моторни возила при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

   Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети над 174 илјада парчиња трговски стоки или над 100 видови трговски стоки: 23 илјади швајцарски франци; 20,6 илјади парчиња цигари; 17,3 илјади парчиња медикаменти; 3,8 илјади пара спортски обувки; 1.107 грама сребрен накит; 120

илјади парчиња жилети и значителна количина најразновидни производи за домаќинство и индустрија.

На граничниот премин Ќафасан (македонско-албанската граница) откриени се непријавени 13.760 капсули „Cefalexin“ од 500мг и кутивчиња за истите (1720 ленти по 8 капсули), пронајдени во патни торби, во патничко моторно возило со македонски регистарски ознаки. Запленетата стока, која носела ознаки и лого на „Алкалоид“ - Скопје, била испратена на лабораториска анализа заради утврдување на оригиналноста.

На царинската испостава Блаце (македонско - косовска граница) откриени се 66 литри енергетски пијалок „Boost“ и 1 машина за перење, марка „Bosch“, пронајдени во празно товарно моторно возило со македонски регистарски ознаки.

На 19.09.2009 година, на граничниот премин Деве Баир (македонско - бугарска граница), на влез во Република Македонија, царинските работници од Одделението за оперативни работи привремено задржаа 175 парчиња златен и сребрен накит (прстени, белегзии, ѓердани, обетки, синџирчиња и брошеви), 4 златарски ваги и 3 каталози за накит. Непријавената стока била сокриена помеѓу храната и личниот багаж на македонски државјанин, кој патувал со автобус со турски регистарски ознаки, на релација Истанбул - Гостивар.

9. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 120 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 28 барања по прекршочна пријава за возила доставени од МВР, 23 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа, 68 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, и 1 е вратен предмет од Основните судови. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во септември 2009 година реши 60 предмети во редовна и итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 1,5 милион денари (околу 24,2 илјади евра), изрече казни во вкупен износ од 1,5 милиони денари (околу 24,2 илјади евра) и ја одзеде стоката предмет на царински прекршок.

10. Во септември 2009 година Царинската управа донесе 51 решение за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 4,3 милиони денари (околу 78,3 илјади евра).

11. Во текот на септември Царинската управа издаде 199 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 1,9 милиони денари (околу 30,7 илјади евра).

12. Во овој месец се извршени дополнителни контроли по разни основи во 16 трговски друштва, врз основа на кои се изготвени 11 предлози за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 800 илјади денари (околу 13,1 илјади евра).

13. Царинската управа до основните јавни обвинителства, во текот на септември поднесе 11 пријави за покренување за кривична постапка против 13 физички лица и 4 правни лица. Основите за поднесување на кривични пријави во септември 2009 година се следните:
    - криумчарење - 1 кривични пријави против 2 физички лица,

- неовластено производство и промет со оружје и распрскувачки материи - 2 кривични пријави против 3 физички лица,
- промет со акцизни стоки без бандероли - 4 кривични пријави против 4 физички лица,
- царинска измама - 4 кривични пријави против 4 физички лица и 4 правни лица.

Вкупната вредност на стоката предмет на кривичните дела изнесува 68,4 милиони денари (околу 1,1 милиони евра), ненаплатените односно избегнатите царински давачки изнесуваат 9,1 милион денари (околу 150 илјада евра).

14. Во септември 2009 година Царинската управа интервенираше во 8 случаи на обиди за повреда на правото од интелектуална сопственост и привремено задржа 7 илјади парчиња стока поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки.

    Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
    - 3.932 парчиња блузи,
    - 1.587 пара патики,
    - 910 пара чорапи,
    - 250 пара детски хеланки,
    - 115 парчиња паричници
    - 100 парчиња украсни знаци,

    Во септември 2009 година Царинската управа издаде 12 одобренија за преземање на дејствија за заштита на правата на интелектуална сопственост за трговските марки: OKAIDI, WRIGLEY's, SPEARMINT, ORBIT, ELIPSE, HUBBA BUBBA, JELLY CHEWS, WINTERFRESH, JUCY FRUITS, AIRWAVES DROPS, PROFESSIONAL, POLAR ICE.

    Во септември 2009 година Царинската управа издаде одобренија за уништување на 21.498 парчиња стока предмет на повреда на право од интелектуална сопственост и тоа за следните трговски марки: D&G маици, фармерки, детски комплети и наочари за сонце, ADIDAS маици и патики, CONVERSE маици и патики, DIESEL хеланки, GILLETTE бричеви и BOSS паричници.

## V. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

15. На 28 и 29 септември 2009 година во официјална посета на Република Македонија престојуваше г-дин Кунио Микурија - генерален секретар на Светската царинска организација, придружуван од г-дин Ален Бело, директор на Царината на Луксембург, потпретседавач на Европскиот регион на Светската царинска организација.

    Во рамките на посетата потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Светската царинска организација, Царинската управа на Република Макединија и Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за основање на Регионален центар за обуки на Светската царинска организација во Република Македонија Во присуството на високите претставници на СЦО беше отворен Регионалниот центар за обуки на СЦО при Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Регионалниот центар, преку континуирано одржување на обуки, има за цел да даде придонес кон градењето на административниот капацитет на царинските служби во регионот во насока на зголемување на квалитетот и забрзувањето на царинските постапки, притоа имајќи ја во предвид и основната цел на формирањето на СЦО како меѓународна организација за глобално усогласување на царинското работење.

16. Царинската управа на Република Македонија и Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент, Скопје на 27 септември 2009 година потпишаа Меморандум за деловно техничка соработка. Меморандумот е дел од вкупните напори на Царинската управа за поврзување со научната заедница со кој се предвидува можност за соработка во повеќе области, меѓу кои и прифаќање на студенти заради извршување на пракса и учество во научно истражувачки проекти.

17. По искажаниот интерес од договорните страни на Договорот ЦЕФТА 2006, на 22 и 23 септември 2009 година, Царинската управа на Република Македонија - координатор на проектните активности за воведување на електронскиот Едношалтерски систем за издавање дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM) организираше состанок на регионално ниво за презентирање на нејзиното искуство со Едношалтерскиот систем, единствен систем од ваков вид во регионот.

    На состанокот, беа презентирани искуствата во Република Македонија, пред стручни лица, претставници од царинските служби на Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија и Косово.

    На состанокот беа опфатени сите фази на иплементацијата на системот, од концептот за едношалтерско работење и контрола при единствено запирање до неговото ставање во целосна оперативност, практична демонстрација на неговото работење и примена, како и позитивните придобивки во процесот на олеснувањето, поедноставувањето и забрзувањето на деловното и царинското работење во Република Македонија со ставањето во функција на Електронскиот едношалтерски систем за издавање дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти – EXIM.

18. Царинската управа во соработка со SNB REACT - европска мрежа против фалсификување, на 17 септември 2009 година организираше семинар за препознавање на трговски мерки за заштита на интелектуална сопственост. Семинарот го отвори директорот на SNB REACT, а на присутните царински службеници и пазарни инспектори им се обратија и Директорот на Царинска управа на Република Македонија и Директорот на Државниот пазарен инспекторат.

    Семинарот претставува продолжение на континуираната обука за оспособување на царинските службеници и пазарните инспектори за препознавање на фалсификувани производи.

19. На почетокот на овој месец, со доаѓањето на експерти од царинските служби на ЕУ кои во наредните 18 месеци ќе директно ќе работат со македонските царински службеници, започнаа проектните активности и на другите два проекта за техничка помош на Царинската управа финансирани преку ИПА 2007: 1) Техничка помош за понатамошно усогласување на националното со

законодавството на ЕУ, посебно во областа на транзитот и 2) Техничка помош за зајакнување на граничните контроли.

20. На 11 септември во Скопје се одржа Првиот состанок на Управниот комитет за имплементација на Проектот за техничка подршка за подбрување на царинскиот информатички систем кој се реализира во рамките на програмата ИПА 2007.

    Целта на проектот е поддршка на активностите за воведување и ставање во употреба на новиот Систем за електронска обработка на царински декларации и овозможување на негова целосна поврзаност со царинските ИТ системи на ЕУ, како и заложбата за воведување на современо елеткронско – безхартиено царинско работење, преку подготовка и реализација на Стратегија за целосна интероперабилност.

21. На 30 септември 2009 година заврши имплементацијата на Проектот за јакнење на административната ефикасност и зголемување на институционалните капацитети на Царинската управа на Република Македонија, чиј изведувач беше консултантската куќа Crown Agents.

    Во период од две години консултантите ангажирани од страна на Crown Agents работеа согласно поставените цели на Царинската управа на Република Македонија и заедно со царинските службеници ги оствария планираните проектни активности со голем успех.

    Техничката поддршка на Crown Agents беше усмерена во неколку области:
    - Воведување / имплементација на системи на контрола и процедури засновани на ризик како примарни основи за спроведување на царинските активности
    - Развој на истражни и разузнавачки функции во рамки на Царинската управа за справување со стратешко, тактичко и специфично разузнавање, обезбедување на совет на раководителите и поддршка на подготовка на царинските службеници за основите за идентификување на ризик, и истражувачки нерегуларности
    - Оперативна поддршка и техничко водење на Секторот за контрола и истраги за откривање на илегална трговија, криумчарење и економски криминал
    - Развој и унапредување на ефективна меѓу агенциска соработка во земјата и странство
    - Развој и ефективна имплементација на Антикорупциска стратегија.
    -

    Взаемната блиска соработка, почитта и разбирањето со експертите од оваа реномирана консултантска куќа, допринесоа за остварување на значајни резултати и напредок на Царинската управа за релативно краток период, меѓународно признати и препознаени.

22. Во текот на месец септември 2009 година Царинската управа спроведе ажурирање на првичната анализа на Царинските упатства на Европската Комисија 2007 - Customs Bluprints 2007. Блупринтите се утврдени од експерти на Комисијата и земјите членки на ЕУ и претставуваат практични упатства со јасни критериуми базирани на најдобра пракса на ЕУ, според кои царинските администрации можат да го мерат сопствениот оперативен капацитет. Царинската управа на Република Македонија ги користи за проценка на отстапувањата помеѓу тековната состојба и со нив утврдените стандарди.